Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Државен управен инспекторат
Inspektorati Shtetëror Administrativ

Бр. - Nr 04-495/24
15.12.2022 год. - viti
Скопје / Shkup

Република Северна Македонија

ДРЖАВЕН УПРАВЕН ИНСПЕКТОРАТ

Архивски број 04-495/24
Дата 15.12.2022 г.

Врз основа на член 52 став (1) од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016, 11/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.275/2019, 14/2020, 215/2021 и бр.99/2022), директорот на Државниот управен инспекторат донесе:

**ОДЛУКА**
**за избор на кандидат за унапредување по интерниот оглас бр.3/2022**

1.По спроведената постапка за унапредување во Државниот управен инспекторат по интерниот оглас бр.3/2022 за унапредување на 6 (шест) административни службеници, објавен на ден 21.11.2022 година на веб страната на Државниот управен инспекторат и веб страната на Агенција за администрација, се врши избор на следниот кандидат:

-За работното место ИНС 01 01 В01 001 Советник инспектор во Одделението за вршење на инспекциски надзор североисток, Одделение за инспекциски надзор за североисточен регион, Сектор за вршење на инспекциски надзор Исток, **се избира кандидатот:**

**-Весна Миланова**

2.Изборот на кандидатот е извршен врз основа на Финална-ранг листа на интервјуирани кандидати и предлог одлука за избор на прворангираниот кандидат на Комисијата за селекција за унапредување формирана со решение Бр.04-495/16 од 05.12.2022 година.

3.Во рок од пет дена по конечноста на одлуката, директорот на Државниот управен инспекторат ќе донесе решение за унапредување на административниот службеник од точка 1 на оваа одлука.

4.Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**Образложение**

Државниот управен инспекторат, по добиеното Известување за обезбедени финансиски средства Бр.18-8206/2 од 06.10.2022 година, од Министерството за финансии, на ден 21.11.2022 година објави интерен оглас бр.3/2022 за унапредување на 6 (шест) административни службеници, на веб страната на Државниот управен инспекторат и на веб страната на Агенција за администрација.

На објавениот интерен оглас бр.3/2022 за унапредување на 6 (шест) административни службеници распоредени на 4 работни места, за работното место под реден број 3:Советник инспектор во Одделението за вршење на инспекциски надзор североисток, Одделение за инспекциски надзор за североисточен регион, Сектор за вршење на инспекциски надзор Исток, се пријавиле вкупно 3-ца кандидати.


Државен управен инспекторат
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев " бр. 5,кат 1
Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3225 949
www.duinspektorat.mioa.gov.mk

Република Северна Македонија

ДРЖАВЕН УПРАВЕН ИНСПЕКТОРАТ

На ден 09.12.2022 година, Комисијата за селекција за унапредување формирана со Решение бр.04-495/16 од 05.12.2022 година, спроведе административна селекција, односно изврши увид во доставените пријави и приложените докази за работното место под реден број 3 од интерниот оглас бр.3/2022 и за истото изготви Записник од административна селекција за интерен оглас бр.3/2022, Бр.04-495/19 од 12.12.2022 година, со прилог Список на уредни и неуредни кандидати и Ранг листа на кандидати кои продолжуваат на интервју.

На ден 14.12.2022 година Комисијата за селекција за унапредување, во просториите на Државниот управен инспекторат спроведе интервју за работното место под реден број 3, со 2-ца од вкупно 3-та пријавени кандидати кои како уредни ја поминаа административната селекција, од причина што 1 кандидат иако уредно поканет не се јави на закажаното интервју. За одржаното интервју Комисијата за селекција за унапредување состави Записник од работата на Комисијата за селекција за унапредување на административен службеник заради спроведување на интервју Бр.04-495/21 од 14.12.2022 година со прилог Списоци на кандидати со кои е спроведено интервјуто со освоени бодови од интервјуто и Финална ранг листа на интервјуираните кандидати и предлог одлука за избор на прворангираниот кандидат.

По спроведената целокупна постапка согласно Законот за административни службеници, Комисијата за селекција за унапредување до директорот на Државниот управен инспекторат достави Записник од административна селекција за интерен оглас бр.3/2022, Бр.04-495/19 од 12.12.2022 година, со прилог Список на уредни и неуредни кандидати и Ранг листа на кандидати кои продолжуваат на интервју и Записник од работата на Комисијата за селекција за унапредување на административен службеник заради спроведување на интервју Бр.04-495/21 од 14.12.2022 година со прилог Список на кандидати со кои е спроведено интервјуто со освоени бодови од интервјуто и Финална ранг листа на интервјуираните кандидати и предлог одлука за избор на прворангираниот кандидат.

Согласно член 52 став 1 од Законот за административни службеници, во рок од три дена од добивањето на предлогот секретарот, односно раководното лице на институцијата во која не се назначува секретар, е должно да донесе одлука за избор.

Согласно член 52 став 6 од Законот за административни службеници, секретарот односно раководното лице на институцијата во која не се назначува секретар во рок од пет дена по конечноста на одлуката, донесува решение за унапредување на административниот службеник.

Врз основа на наведеното, директорот на Државниот управен инспекторат одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против одлуката незадоволниот кандидат има право во рок од осум дена да поднесе жалба до Агенцијата за администрација–Комисија за одлучување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен.

Директор,
Кети Василеска

ДОСТАВЕНО ДО:

-кандидатот;


Државен управен инспекторат
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев " бр. 5,кат 1
Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3225 949
www.duinspektorat.mioa.gov.mk